РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-58/4
04-08-2021

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и Упатство за рангирање на предметите за постапување на ДКСК по основ на доставени пријави бр.03-2233/1 од 12.02.2021 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на педесеттата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ---------------, Претседател на Основен суд --------, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-1295/1 од 22.02.2020 година.

Предметот со број 08-1295/1 од 22.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-1295/1 од 22.02.2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК по сопствена иницијатива изврши увид за тоа дали поднеле Анкетни листови и изјави за интереси Претседатели на судови во Република Северна Македонија.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето ------------------, во законски утврдениот рок по избор на функцијата Претседател на Основен суд ------------------------------------ не поднело анкетен лист со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на избраното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на избраното лице извршена е уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**